СМРТ НА ФАШИЗМОТ СЛОБОДА НА НАРОДОТ

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 6 | Скопје, 12 март 1948 година | Год. IV

Ракописите се испрак'аат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ" — Скопје, ул Маршал Тито бр. 10 пош. фах 52 Ракописите не се врак'аат

Цена на овој број е 4 динари. Претплата за пола година е 125 динари, огласите се примаат по тарифа објавена во бр. 25/47 г.

35

Врз основа чл. 29 т. 3 во врска со чл. 4 т. 5 и чл. 14 т. 2 од Законот за Петгодишниот план за развиток на народното стопанство на Народна Република Македонија во годините 1947 — 1951, Владата на Народна Република Македонија, по предлог на Министерот на земјоделие и шумарство на Народна Република Македонија донесуе:

УРЕДБА

За отварање на нижа стручна школа за механизација на земјоделието во Свети Николе.

Член 1

Се отворуе нижа стручна школа за механизација на земјоделието во Свети Николе.

Член 2

Нижата стручна школа за механизација на земјоделието во Свети Николе е самостојна установа, под раководство на Министерството за земјоделие и шумарство на Народна Република Македонија.

Член 3

Школата има за задаток да изградуе квалификован кадар по механизација на земјоделието.

Член 4

Школуењето трае една (учебна) година. На крајот на годината се полага испит.

Член 5

Школата има своја самостојна претсметка на приходот и расходот, која што влегуе во состав на претсметката на приходот и расходот на Министерството за земјоделие и шумарство на Народна Република Македонија.

Член 6

Поблиски одредби за наставниот план за работата и организацијата на школата, како и за условите за приемот на учениците во школата, ке пропише со правилник Министерот на земјоделие и шумарство на Народна Република Македонија, во согласност со Претседателот на Комитетот за средни и нижи стручни школи и курсеви при Владата на Народна Република Македонија.

Член 7

Оваа Уредба влегуе во сила со објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 1825 од 11 II 1948 година.

Министер на земјоделие и шумарство, К. Симовски, с. р.

Претседател на Владата на НРМ, Л. Костишевски, с. р.

36

Врз основа чл. 1 од Законот за овластуење Владата на Народна Република Македонија за донесуење Уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата, по предлог на Министерот за трговија и снабдуење, Владата на Народна Република Македонија ја донесуа следната.

УРЕДБА

ЗА ОСНИВАЊЕ УПРАВА ЗА ОТКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВЕДЕНИЈА ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУЕЊЕ НА НР МАКЕДОНИЈА И ИЗВРШНИТЕ ОДБОРИ НА ОКОЛИСКИТЕ НАРОДНИ ОДБОРИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

А. УПРАВА ЗА ОТКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВЕДЕНИЈА ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУЕЊЕ НА НРМ

Член 1

При Министерството за трговија и снабдуење на НР Македонија са основа Управа за откуп на земјоделски произведенија.

Член 2

Задаток на Управата е на територијата на Народна Република Македонија да го планира откупот, организира и раководи со откупните кампањи и да спроведуе контрола над извршуењето на откупот.

Во таа цел управата:

1. припрема материјали за составуења на основните планови на откупот; го разработуе општо-сојузниот план на откупот и изработуа планови за откуп на земјоделски произведенија, чиво планирање спаг'а во надлежност на Народна Република Македонија; изработуе план за отпремуење внатре во Народна Република Македонија;

2. према основниот план на откупот на произведенијата поменати во т. 1 од овој член изработуе оперативни планови за извршуења на откуп према врстите на произведенијата и по околиите;

3. раководи со откупот на произведенијата поменати во т. 1 од овој член во Народна Република Македонија и во тој поглед организира и раководи со оперативната евиденција;

4. изработуе план на откупна мрежа и план на кадрови во откупниот апарат;

5. врши контрола над спроведуењето на откупот и над извршуењето на сите прописи кои се однесуат на откупот;

6. изработуе предлози за планот на сезонските кредити и управуа со фондовите за изедначуење на цените;

7. врши инструктажа на целокупниот откупни апарат;

8. го следи тргуењето со произведенија поменати во т. 1 од овој член на пазарот и предлага прописи за регулирање трговијата со тие произведенија.

9. раководи со републиканските претпријатија за откуп на земјоделски произведенија: „Сточар" „Стокопромет" и „Земпрожит" непосредно или преко главните дирекции.

Член 3

На чело на Управата стои директор.

Директорот го поставуе Министерот за трговија и снабдуење на НР Македонија во согласност со Министерот за трговија и снабдуење на ФНРЈ.

Директорот за својата работа одговара пред Министерот за трговија и снабдуење на НР Македонија и Управителот на Главната управа за откуп при Министерството за трговија и снабдуење на ФНРЈ.

Член 4

Личните и материјалните расходи на Управата се на терет на претсметката на Министерството за трговија и снабдуење на НР Македонија.

Б. УПРАВИ ЗА ОТКУП ПРИ ИЗВРШНИТЕ ОДБОРИ НА ОКОЛИСКИТЕ НАРОДНИ ОДБОРИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НР МАКЕДОНИЈА

Член 5

Се основаат управи за откуп при извршните одбори на околиските народни одбори на околиите:

Битолска, Гевгелиска, Гостиварска, Кочанска, Кумановска, Охридска, Прилепска, Радовишка, Ресенска, Св. Николска, Скопска, Струмишка, Струшка, Тетовска, Тиквешка, Титов Велешка и Штипска.

Член 6

Задачите на управите се;

1. организира спроведуењето на откупните кампањи на подрачјето на својата околија.

2. разработуе за подрачјето на својата околија планови на откупот на земјоделски произведенија а на основание на плановите на сојузните и републиканските органи. Припремуе планови за откуп на поменатите произведенија доколку не се обуфаанати со сојузните и републиканските планови и овие планови ги предлага на извршниот околиски народен одбор за конечно донесуење.

На основание донесените планови составуе оперативни планови за извршуење на откупот за сите поменати произведенија и се грижи месните народни одбори овие планови правилно и на време да ги разработат.

3. Раководи со околиските претпријатија за откуп непосредно или преку дирекциите на околиските откупни претпријатија.

4. Го прати извршуењето на оперативните планови и во таа цел организира оперативна евиденција како и евиденција на земјата, приносот и поодделните обврски на производителите за своето подрачје.

5. Да се грижи за правилното примаѓање и спроведуење на сите прописи кои што се однесуат на откупот.

Член 7

На чело на Управата стои началник.

Началникот го поставуе извршниот народен одбор во согласие со Министерот за трговија и снабдуење.

За својата работа началникот одговара преку повереникот на трговскиот оддел пред извршниот одбор на околискиот народен одбор и пред Управата за откуп при Министерството за трговија и снабдуење.

Член 8

Се овластуе Министерот за трговија и снабдуење да по потреба со посебни прописи основе Управи за откуп на земјоделски произведенија и при извршните одбори на околиските народни одбори на територијата на НР Македонија неспоменати во чл. 5 од оваа Уредба, како и при градските (реонските) извршни одбори, со задача, која што ќе им ја определи.

Член 9

Се овластуе Министерот за трговија и снабдуење да донесе поблиски прописи за извршуење и спроведуење на оваа Уредба.

Член 10

Со оваа Уредба се укинуат прописите на Уредбата на Владата на НР Македонија за основање на комисии при извршните одбори за спроведуење плановите за откуп на земјоделски и други произведенија.

Член 11

Оваа Уредба стапуе во сила со денот на објавуењето и во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 1827 од 11. II. 1948 година.

Министер	Претседател
за трговија и снабдуење,	на Владата на НР Македонија
Д. Бојановски, с. р.	Л. Колишевски, с. р.

37

Врз основа чл. 1 од Законот за овластуење Владата на Народна Република Македонија за донесуење уредби по прашањата за народното стопанство и обновата на земјата, а на предлог на Министерот за трговија и снабдуење Владата на Народна Република Македонија ја донесе следната

УРЕДБА

За укинуење на Главната дирекција на откупните претпријатија при Министерството за трговија и снабдуење на Народна Република Македонија.

Член 1

Главната дирекција на откупните претпријатија при Министерството за трговија и снабдуење на Народна Република Македонија основана со Уредба на Владата на Народна Република Македонија бр. 6132 од 2. VII. 1947 година се укинуе.

Член 2

Ликвидацијата на работите на Главната дирекција на откупните претпријатија ќе ја изврши Министерството за трговија и снабдуење на Народна Република Македонија — Управа за откуп.

Член 3

Оваа Уредба влегуе во сила од денот на објавуењето во „Службен весник на НР Македонија", а важи од 1. I. 1948 година.

Број 1828, 11. II. 1948 год, Скопје

Министер	Претседател
за трговија и снабдуење,	на Владата на НР Македонија
Д. Бојановски, с. р.	Л. Колишевски, с. р.

38

Врз основа чл. 79 став 2 од Уставот на Н.Р.М. и чл. 11 од Уредбата на Владата на ФНРЈ за организација на катастарската служба, Владата на Народна Република Македонија по предлог од Претседателот на Владата донесуе:

УРЕДБА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАТАСТАРСКАТА СЛУЖБА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Задачата на катастарската служба што се врши на територијата на Народна Република Македонија е:

1) да за потребите на народното стопанство изработи катастарски операт на површините, културите, бонитетот и сопственоста на земјиштата и слично и тоа одвоено за атарот на секое село, а врз основа на геодетските планови и постоечкиот катастарски операт;

2) да изработениот катастарски операт го одржуе во согласност со фактичката состојба на теренот; и

3) да ги обработуе присобраните податоци, како и да издава изводи и преписи од катастарскиот операт.

Член 2

Катастарската служба на територијата на Народна Република Македонија се врши преку Геодетската управа при Владата на НРМ и уредите за катастар на околиските и градските народни одбори.

За извршуење задачите на катастарската служба Геодетската управа при Владата на НРМ има во својот состав управа за катастар.

Член 3

Задачата на Геодетската управа при Владата на НРМ во катастарската служба е:

1) да ја организира катастарската служба;

2) да раководи со изработката и одржуењето на катастарскиот операт, да врши надзор и да ја усклaдуе работата на катастарската служба на територијата на Народна Република Македонија;

3) да им укажуе помош на околиските и градските народни одбори во вршењето на катастарската служба и да врши стручна инструктажа;

4) да дава напатствија и предложуе нацрти на прописи за вршење на катастарската служба на територијата на Народна Република Македонија;

5) да присобира статистички податоци од територијата на Народна Народна Република Македонија.

6) да се грижи за подигање и усовршуење на стручните кадрови за катастарската служба на територијата на Народна Република Македонија.

Член 4

На чело на управата за катастар се наоѓа начуправител кого го назначуе Претседателот на Владата.

Член 5

Управата за катастар има посебна претметка на приходи и расходи во составот на претметката на приходите и расходите на Геодетската управа.

Член 6

Уредот за катастар на околискиот односно градскиот народен одбор се наоѓа во состав на секретаријатот на извршниот одбор на околискиот односно градскиот народен одбор.

До колку околностите не позволуат да се во поедини околиски народни одбори во градски народни одбори оснуе посебен уред за катастар неговите работи може да ги врши уредот за катастар на најблискиот околиски народен одбор.

Член 7

Во долокругот на уредот за катастар на околискиот односно градскиот народен одбор спаѓаат:

1) да изработи катастарски операт за целата околија односно град и постојано да ги одржуе во согласност со фактичката состојба на теренот;

2) непосредно да присобира и обработуе потребни податоци за водење на катастарскиот операт;

3) да ги прегледуе, дополнуе и дефинитивно спроведуе низ катастарскиот операт промените од страна на месните одбоори и на лицата задолжени за присобирање на овие податоци да им дава потребна помош и инструктажа; и

4) да издава прописи и изводи од катастарскиот операт.

Член 8

На месните народни одбори уредот за катастар на околискиот народен одбор ќе им доставуе копии на потребните делови од катастарскиот операт за нивната територија.

Месниот народен одбор ке задолжи едно лице да за потребите и евиденција на месниот народен одбор во овие копии на операторот ги внесуе сите настанати промени, како и за тоа да го известуе уредот за катастар поради дефинитивно внесуење во катастарскиот операт.

Член 9

По потреба Претседателот на Владата може со свое решение изработката на катастарскиот операт за поедини околии и градови да ја повери на Управата за катастар.

Член 10

Поблиски одредби за организацијата и работењето на Управата за катастар на Геодетската Управа при Владата на НРМ ќе донесе Претседателот на Владата наедно со поблиските одредби за организацијата и работењето на Геодетската управа при Владата на НРМ.

Член 11

Се овластуе Претседателот на Владата да издава поблиски прописи за спроведуењето на оваа Уредба.

Член 12

Оваа Уредба влегуе во сила со денот на објавуењето и во »Службен весник на Народна Република Македонија«.

Бр. 1836 11 III 1948 година, Скопје.

Претседател на Владата на НРМ.
Л. Колишевски с. р.

Министер

Киро Х. Василев с. р.

39

Врз основа чл. 79 ст. 2 од Уставот на Народна Република Македонија Владата на Народна Република Македонија по предлог на Претседателот на Владата донесуе следната

УРЕДБА
ЗА ОСНИВАЊЕ КОМИТЕТ ЗА ФИСКУЛТУРА

Член 1

При Владата на Народна Република Македонија се основа Комитет за фискултура.

Член 2

Задаток на Комитетот е:

1) да раководи и врши надзор над физичкото воспитање на народот, а нарочно на младината;

2) да раководи со школите и другите установи од републиканско значение, кои што се занимаат со физичко воспитание и да основа нови такви установи;

да дава директиви за работата по фискултурата во народните организации, школи и установи;

да ја координира целокупната работа на сите органи кои што се грижат за физичкото воспитание на народот;

да се грижи за омасовуењето и унапредуењето на спортовите, а нарочно на спортовите блиски на народните маси;

да се грижи за стручно издигнуење на кадровите со која цел организуе школи и курсеви и води евиденција на кадровите;

3) да раководи со правилната и планската изградба на фискултурните обекти и да обезбедуе минимални фискултурни површини во градовите, селата и населбите.

Член 3

Комитетот се состои од претседател, секретар и потребен број членови, кои што ги поставуе Владата по предлог од Претседателот на Владата.

Со работата на Комитетот раководи претседателот на Комитетот, а општо раководство и надзор над неговата работа врши Претседателот на Владата.

Претседателот на Комитетот може да биде и член на Владата.

Член 4

За спроведуењето на своите работи Комитетот има потребен број стручен и административен персонал.

Член 5

Комитетот има своја одделна претсметка на приходите и расходите.

Претседатело на Комитетот наредбодавател за извршуење претсметката на причините за расходите.

Член 6

Поблиски одредби за организацијата и работата на Комитетот и на неговите школи и установи, ке пропишуе Претседателот на Владата.

Член 7

Со влегуење во сила на оваа Уредба престануе да важи Уредбата за основање Комисија за фискултура при Владата на Народна Република Македонија, Бр. 6137 од 2 јули 1947 год.

Член 8

Оваа Уредба влегуе во сила со денот на објавуењето и во »Службен весник на Народна Република Македонија.«

Скопје, бр. 1837 11 II 1948 год.

Претседател на Владата на НРМ.,
Л. Колишевски, с. р.

Министер за просвета на ПРМ.,
Д. Мире, с. р.

40

Врз основа чл. 79 став 2 од Уставот на НРМ, Владата на Народна Република Македонија, по предлог од Претседателот на Владата, ја донесуе следната:

УРЕДБА
ЗА ОСНИВАЊЕ УРЕД ЗА ИНФОРМАЦИИ

Член 1

При Претседателството на Владата на Народна Република Македонија се основа Уред за информации.

Член 2

Уредот за информации има задача:

да собира и дава информации за сите важни настани, појави и постигнати резултати по политичкиот, стопанскиот, културниот и просветниот живот на Народна Република Македонија;

да се бави со сите прашања на правилната информација на нашата јавност за настапите во земјата и странството;

да организира и развива публицистичка дејност, самостојно и преку разни установи со издавање на брошури, билтени, плакати, фотографии и разни публикации, а со цел да се популаризираат успеските на работата на Народна Република Македонија и на Федеративна Народна Република Југославија;

да води евиденција на целокупната издателска делатност на територијата на Народна Република Македонија;

Член 3

Со работите на уредот за информации раководи директор кого го поставуе Претседателот на Владата.

Директорот може да има помошник.

Член 4

Уредот за информации има сопствена претсметка на приходите и разходите која што влегуе во составот на претсметката на приходите и расходите на Претседателството на Владата.

Член 5

Поблиски одредби за организацијата и работењето на Уредот за информации ќе донесе Претседателот на Владата.

Член 6

Со влегуењето во сила на оваа Уредба се укинуе Одделението за печат на Претседателството на Влада

така сите работи од неговата надлежност преминуат во надлежност на Уредот за информации.

Член 7

Оваа Уредба влегуе во сила со денот на објавуењето и во »Службен весник на Народна Република Македонија«.

Бр. 1838 11 — II —1948 год. — Скопје

Претседателот на Владата на Н.Р.М.
Л. Колишевски с.р.

41

Врз основа член 79 став 2 од Уставот на Народна Република Македонија, Владата на Народна Република Македонија по предлог на Министерот за комунални работи донесуе

УРЕДБА

за оснивање Управа за домашни ракотворби и художествени занаети при Министерството за комунални работи.

Член 1

При Министерството за комунални работи се основа Управа за домашни ракотворби и художествени занаети.

Седалиште на Управата е во град Скопје.

Член 2

Управата е административно — оперативен раководител на претпријатијата од републиканско значение за откуп и продажба на ракотворби и художествени занаетчиски изработки и за снабдуење на домашните ракотворби и художествени занаети.

Член 3

Управата има за задача:

3. Да ги проучава народните мотиви, форми и комбинации да ги сисематизира и приложуе на художествените предмети од естетски и практичен карактер.

2. Да преку постојани изложби, предавања, часописи, каталози и на това слично пропагира и ги запознава другите народи со домашните ракотворби и изработките на художествените занаети.

3. да ги проучава народните мотиви форми и комбинации да ги систематизира и приложуе на художествените предмети од естетски и практичен карактер.

4. Да се грижи да ги пронајде, прибере и запази сите народни художествени мотиви и форми и да ги собере во одделна збирка, која што ќе служи како извор за понатамошното развивање на народната — како художествена така и практична ракотворба.

5. Да дава направление и сугестии на народните одбори за видовите и квалитетот на изработените предмети, за да се запази оригиналот и духот на народните мотиви, да се изработката усавршава, како стручно така и художествено.

6. Да се дава техничка помош на локалните претпријатија, кооперации и приватни производители, што се занимаваат со ракотворби и художествени занаети

7. Да се грижи за снабдуењето со материјали од сојузни и републикански извори, потребни за производство на домашни ракотворби и художествени занаети.

8. Да приготвуе материјал за составуење на производствени планови и го разработуе и составуе републиканскиот план на производството, како и да го прилага општодржавниот план во границите на дадените овластенија.

9. Да дава помош на народните одбори во организирањето на производството преку локални претпријатија, кооперации и приватни производители и води евиденција на производството и за квалитетот и

10. Да создава кадрови и ја усовршуе нивната стручна спрема односно подготовка преку курсеви и школи.

Член 4

Управата е под непосредно раководство на Министерот за комунални работи.

Член 5

На чело на управата стои начелник кои раководи со сите работи на Управата.

Член 6

Министерот за комунални работи ќе одреди кои сектори и групи ќе има Управата.

Член 7

Управата има секретаријат, на чие чело стои секретар.

Секретарот управува со правните и општите работи на Управата.

Член 8

Начелникот го поставуе Министерот за комунални работи, со согласието на Претседателот на Владата.

Другиот персонал на Управата го поставуе Министерот за комуналните работи по предлог на начелникот.

Член 9

Управата има своја предсметка која влегуе во составот на претсметката на Министерството за комунални работи.

Член 10

Поблиски прописи за организацијата и работењето на Управата ќе донесе со правилник Министерот за комунални работи.

Член 11

Оваа Уредба влегуе со сила со денот на објавуењето и во »Службен весник на Народна Република Македонија«.

Член 12

Со влегуење во сила на оваа Уредба престанува да важи Уредбата за оснивање Завод за домашните ракотворби художествени занаети.

Бр. 1839 11 II 1948 год. Скопје.

Претседател на Владата,
Лазар Колишевски с. р.

Министер за комунални работи,
Арх. Киро Георгиевски с. р.

42

ССлужбен весник — СНИРО

Врз основа чл. 13, 14 и 16 од Законот за државните службеници, во врска со Решението на Президиумот на Народното собрание на НРМ бр. 705 од 10 септември 1946 година, и врз основа и чл. 36 од Основната уредба за припадлежностите на сојузните државни службеници донесена од Владата на ФНРЈ, — Владата на Народна Република Македонија по предлог од Претседателот на Владата од Министерот на финансиите и од Министерот на трудот, пропишуе

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ УРЕДБАТА ЗА ПРИПАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКАМАКЕДОНИЈА

Член 1

Во член 9 став I од Уредбата за припадлежностите а државните службеници на Народна Република Македонија след точка трета се додава нова точка четврта, која што гласи:

„4 во ветеринарната струка за звањето ветеринар и ветеринар-специјалист".

Член 2

Оваа Уредба влегуе во сила со денот на нејзиното објавуење на „Службен весник на Народната Република Македонија".

Број 1843, 11. II. 1948 год. Скопје.

Претседател на Владата на НРМ
Л. Колишевски с. р

Министер на финансиите,
Д. Џамбаз, с. р.
Министер на трудот,

43

Врз основа чл. 8 од финансискиот закон на ФНРЈ за буџетската година 1946 Министерот на народното здравје на НРМ во согласност со Министерот на финансиите, пропишуе следниот

ПРАВИЛНИК

за изменение и дополнение Правилникот за таксите во амбулантите, хемиските и бактериолошките лаборатории, (објавен во „Службен весник на НРМ" бр. 27 од 31 август 1946 год.

Член 1

Во чл. 8 од Правилникот, реченицата која што гласи „Преглед на болен во амбулантата 10 динари" се изменуе и гласи: „Правот преглед на болни во амбулантата 20 динари а секој повторен преглед во текот на истото лекуење 10 динари".

Член 2

Овој Правилник влегуе во сила од денот на објавуењето му во „Службен весник на НРМ".

Бр. 581 од 26-I-1948 год. Скопје

Министер на народното здравје
Д-р В. Попадич, с. р.

Согласен.

Министер на финансиите:
Д. Џамбаз, с. р.

44

Врз основа чл. 8 од Финансовиот закон на ФНРЈ за буџетската година 1946 Министерот на народното здравје на НРМ во согласност со Министерот за финансиите, на Н. Р. М. пропишуе следниот

ПРАВИЛНИК

за изменение и дополнение на Правилникот за висината на болничните трошкови, (објавен во „Службен весник на Н. Р. М." бр. 27 од 31 август 1946 година).

Чл. 1

Во чл. 1 од Правилникот за висината на болничните трошкови после зборот „Пеницилин" се додава зборот „Стрептомицин".

Чл. 2

Чл. 2 од Правилникот се изменуе и гласи:

Дневен болничен трошок во општите и специјалните болници во НРМ изнесуе:

1) во општите и специјалните болници за туберкулоза 80 дин.

2) Во специјалните болници за душевни болести 40 динари

Чл. 3

Овој Правилник влегуе во сила од денот на објавуењето му во »Службен весник на Н.Р.М.« а ќе се применуе од 1 јануари 1948 година.

Бр. 580 од 26 — I — 1948 година — Скопје

Министер на народното здравје
Д-р Б. Попадиќ с. р.

Согласен Министер на финансиите
Д. Џамбаз с. р.

45

Врз основа член 20 од Уредбата за просветно — научната струка »Службен весник на Н.Р.М.« бр. 32/47, Претседателот на Владата на Народна Република Македонија издава

НАРЕДБА

ЗА РАСПОРЕДОТ НА НОВО УВЕДЕНОТО ЗВАЊЕ »ВИШИ НАУЧЕН СОРАБОТНИК« НА ПРОСВЕТНО — НАУЧНАТА СТРУКА ВО ВРСТИ.

1) Звањето »виши научен соработник« уведено со Наредбата за уведување ново звање »виши научен соработник« во просветно-научната струка (»Службен весник на Н.Р.М.« бр. 36/47) се распоредуе во прва врста.

2) Во Наредбата за распоредот на звањата од просветно — научната струка во врсти бр. 12113 од 19 ноември 1947 год. (»Службен весник на Н.Р.М.« бр. 34/47, во точка 1) се вклучуе звањето »виши научен соработник« во прва врста.

3) Оваа Наредба влегуе во сила со денот на објавуењето и во »Службен весник на Народна Република Македонија«.

Бр. 1850 11 — II — 1948 год. Скопје

Претседател на Владата на Н.Р.М.
Л. Колишевски, с. р.

46

Врз основа на член 15 од Уредбата за ветеринарната струка, а во согласност со Претседателот на Владата, издавам

НАРЕДБА

ЗА УВЕДУЕЊЕ НОВО ЗВАЊЕ »ВЕТЕРИНАР — СПЕЦИЈАЛИСТ» ВО ВЕТЕРИНАРНАТА СТРУКА

1) Во ветеринарната струка се уведуе следното ново звање

Ред. Бр.	Звање	Основни работи на звањето	Услови за стечуење на звањето
2	Ветеринар-специјалист	Вршење сите работи од ветеринарната струка во рамките на својата специјалност.	Завршен ветеринарен факултет или на него рамна школска спрема и положен испит на специјалноста.

2) Звањето ветеринар — специјалист се вклучуе во член 2 од Уредбата за ветеринарната струка, под В. реден број 2.

3) Звањата: виши ветеринар, ветеринарен совет ник и виши ветеринарен советник од член 2 на Уредбата за ветеринарната струка се издвојуат во истиот член во посебна нова група под Г. и добиваат редни броеви 1, 2 и 3.

4) Оваа Наредба влегуе во сила со денот на објавуењето во »Службен весник на Н.Р.М.»

Бр. 1851 11 — II — 1948 год. — Скопје

Министер
за земјоделие и шумарство на Н.Р.М.
К. Симовски с. р.

Согласен,
Претседател на Владата на Н.Р.М.
Л. Колишевски, с. р.

47

Врз основа чл. 16 од Уредбата за ветеринарната струка (»Службен весник на Н.Р.М.» бр. 32/47) ја издавам следната:

НАРЕДБА

ЗА РАСПОРЕДОТ НА НОВО УВЕДЕНОТО ЗВАЊЕ »ВЕТЕРИНАР — СПЕЦИЈАЛИСТ» НА ВЕТЕРИНАРНАТА СТРУКА ВО ВРСТИ

1) Звањето »ветеринар — специјалист» уведено со Наредбата за уведуење ново звање »ветеринар — специјалист» во ветеринарната струка се распоредуе во прва врста.

2) Во Наредбата за распоредот на звањата на ветеринарната струка во врсти Бр. 12107 од 19 ноем ври 1947 година (»Службен весник на Н.Р.М.» Бр. 34/47 во точка 1) се вклучуе звањето »ветеринар — специјалист» во прва врста.

3) Оваа Наредба влегуе во сила со денот на објавуењето и во »Службен весник на Народна Република Македонија ».

Бр. 1852 11 — II — 1948 година — Скопје

Претседател на Владата на Н.Р.М.
Л. Колишевски, с. р.

48

Врз основа чл. 1 од Уредбата за дополнуење на Уредбата за припадлежностите на државните службеници на Народна Република Македонија издавам:

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНЕНИЕ НА ОСНОВНАТА ПЛАТА ЗА ЗВАЊЕТО »ВЕТЕРИНАР» И »ВИШИ ВЕТЕРИНАР» И ЗА ОДРЕДУЕЊЕ ОСНОВНА ПЛАТА ЗА НОВО УВЕДЕНОТО ЗВАЊЕ »ВЕТЕРИНАР — СПЕЦИЈАЛИСТ» ВО ВЕТЕРИНАРНАТА СТРУКА

1) Основната плата за звањето »ветеринар», предвидена во чл. 3 од Уредбата за припадлежностите на државните службеници на Народна Република Македонија, се менуе и одредуе од 4.800 динари месечно а со повиниците по годините на службата до 5.800 динари месечно.

2) Основната плата за звањето »виши ветеринар» предвидена во чл. 3 од Уредбата за припадлежностите на државните службеници на Народна Република Македонија, се менуе и одредуе во еден износ од 5.800 динари месечно.

3) За звањето »ветеринар специјалист« што е уведено со наредбата за уведуење ново звање »ветеринар — специјалист» во ветеринарна струка се одредуе основна плата од 5 500 динари месечно а со повиниците по годините на службата до 6.500 динари месечно.

4) Оваа Наредба влегуе во сила со денот на објавуење и во »Службен весник на Народна Република Македонија».

Бр. 1853 11 — II — 1948 год. — Скопје

Претседател на Владата на Н.Р.М.
Л. Колишевски, с. р.

49

За поуспешна и поправилна работа во Домот за слепи во Битола и во Домот за беспризорни „Нов живот" во Скопје, Владата на Н. Р. Македонија по предлог на Министерот за социјални грижи и Министерот за просвета го донесуе следното

РЕШЕНИЕ

за преминуење на Домот за слепи во Битола и Домот за беспризорни „Нов живот" во Скопје од надлежност на Министерството за просвета во надлежност на Министерството за социјални грижи.

1. Домот за слепи во Битола и Домот за беспризорни „Нов живот" во Скопје, од надлежноста на Министерството за просвета проминуат во надлежност на Министерството за социални грижи.

2. Со преминувањето на споменатите домови се пренесуе и целиот нивни имот и инвентар на Министерството за социални грижи.

3. Со преминувањето на домовите персоналот во нив да се преведе на служба во Министерството за социални грижи.

4. Кредитите за Домот за слепи и Домот за беспризорни „Нов живот" за 1948 година, предвидени во претсметката на приходите и расходите на Министерството за просвета се пренесуат во претсметката на приходите и расходите на Министерството за социални грижи.

5. Министерството за просвета оспособуе наставно-воспитен кадар и се грижи за наставно-воспитната работа во споменатите домови. Органите на Министерството имаат право да ги посетуат домовите за давање инструкции и контрола на наставно-воспитната работа. Во тој смисол Министерството за просвета дава свои предлози на Министерството за социални грижи.

6. Прибирањето и примањето на децата во Детскиот дом „Нов живот" к'е го врши Министерството за социални грижи во согласие со Министерството за просвета и Министерството за внатрешни работи.

7. За здравствената служба во споменатите домови к'е се грижи Министерството за народно здравје.

8. Ова Решение влегуе во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 1486, 11. II. 1948 год., Скопје

Претседател на Владата
Л. Копишевски, с. р.

Министер за просвета,
Д. Мире с. р.

Министер за социални грижи,
Д-р. Н. Аголи, с. р.

50

Поради големата нужда која што се осек'а во трговската мрежа од стручно подготвен кадар, а со цел да се оспособи нужниот кадар, донесуам следно

РЕШЕНИЕ

за отварање на курсеви за оспособуење стручен кадар во трговската мрежа.

1. Во текот на 1948 год. да се отворат следните курсеви:

а) курсеви за помошници во трговијата;

б) курсеви за раководители на трговски претпријатија;

в) курсеви за купувачи на претпријатијата;

г) курсеви за евидентичари и статистичари во претпријатијата;

д) курсеви за раководители и накупци во откупната мрежа;

г') курсеви за оспособуење стручен кадар во угостителството и туризмот.

2. Датата на отпочнуењето, времето траењето за поедини курсеви и местата каде ќе се курсеви, к'е се одржават, к'е ги определи овој Министерство.

3. Наставните планови и програми за курсевите ке ги пропишуе овој Министерство.

4. Личните и материјалните расходи на курсевите ке бидат на терет на буџетот на овој Министерство за буџетската 1948 год.

5. Ова Решение стапуе на снага веднаш.

Бр. 2.513 11 II 1948 год., Скопје.

Министер за трговија и снабдуење,
Д. Бојановски, с. р.

51

Со цел да се подобри санитарно-епидемиолошката служба и со организацијата на оваа служба да се опфати целата територија на Народна Република Македонија, донесуам

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДРЕДУЕЊЕ ТЕРИТОРИЈАЛНАТА НАДЛЕЖНОСТ НА САНИТАРНО-ЕПИДЕМИОЛОШКИТЕ СТАНИЦИ

1) Санитарно-епидемиолошката станица во Скопје во својата работа ја опфаќа територијата на: град Скопје, скопската околија, ѓорче-петровска, кумановската со град Куманово, кривопаланската, тетовската со град Тетово, гостиварската, тито-велешката со град Титов Велес, тиквешката и гевгелиската околија;

2) Санитарно-епидемиолошката станица во Битола во својата работа ја опфаќа територијата на: град Битола, битолската, демир-хасарската, крушевската, прилепската со град Прилеп, ресанската, охридската со град Охрид, струшката, дебарската, кичевската и бродската околија.

3) Санитарно-епидемиолошката станица во Штип во својата работа ја опфаќа територијата на: град Штип, штипската, радовишката, беровската, царево-селската, кочанската, кратовската, светониколската и струмичката околија со град Струмица.

Ова Решение влегуе во сила со денот на донесуењето.

Бр. 812, 24 јануари 1948 год Скопје.

Министер на народното здравје на НРМ,
Д-р В. Попадиќ, с. р.

52

Врз основа на чл. 70 од Законот за државните службеници и Решението на Президиумот на Народното собрание на Н. Р. Македонија бр 705 од 10 IX 1946 год. (Службен весник на Н. Р. М. бр. 29/46) донесув

РЕШЕНИЕ

за изменуење и дополнуење на Решението за основање на дисциплински суд при Министерството на индустријата и рударството на Н. Р. Македонија (Службен весник на Н. Р. М. бр. 2/47).

1) Во Решението за основање на дисциплински суд при Министерството на индустријата и рударството на Н. Р Македонија, се бришат думите „Земските управи" и место нив се додаваат думите: „Продавачкиот сервис Резбарско-фасадерското училиште во Охрид, Занаетчиското училиште во Битола, Занаетчиското училиште во Скопје, така да ова Решение гласи:

Да се при Министерството на индустријата и рударството на Н. Р. Македонија основ дисциплински суд прв степен за службениците на Министерството на индустријата и рударството Геолошки испитателен институт на Македонија, Продавачкиот сервис, Резбарско-фасадерското училиште во Охрид, Занаетчиското училиште во Битола и Занаетчиското училиште во Скопје.

2.) Дисциплинскиот суд при Министерството на индустријата и рударството на Н. Р. Македонија, е второстепен суд по престапленијата што во прв степен ги решава дисциплинските судови при главните дирекции.

3.) Овоа Решение влегува во сила со денот на потпишуењето.

Бр. 21063, 30 XII 1948 год. Скопје

Министер
на индустрија и рударство
Инж. Г. Василев, с. р.

53

Врз основа чл. 70 ст. 4 од Законот за државните службеници и Решението на Президиумот на Народното собрание на НР Македонија, бр 705 од 10 IX 1946 год. (Службен весник на НРМ бр. 29/46) донесуам

РЕШЕНИЕ

за оснивање на дисциплински судови при главните дирекции на Министерството на индустрија и рударство на НР Македонија.

1) За решавање дисциплински престапленија во прв степен на службениците од главните дирекции и претпријатијата кои се под административно-оперативно раководство на главните дирекции се оснивaат следните дисциплински судови:

а) при Главната дирекција на републиканската текстилна и кожарска индустрија, за службениците на Главната дирекција и претпријатијата под нејзино административно-оперативно раководство.

б) при Главната дирекција на републиканската прехранбена индустрија, за службениците на Главната дирекција и претпријатијата под нејзино административно-оперативно раководство.

в) при Главната дирекција на републиканската хемиска индустрија, за службениците на Главната дирекција и претпријатијата под нејзино административно-оперативно раководство.

г) при Главната дирекција на републиканското електростопанство, за службениците на Главната дирекција и претпријатијата под нејзино административно-оперативно раководство.

д) при Главната дирекција на републиканската градежна индустрија и републиканските рудници, за службениците на Главната дирекција и претпријатијата под нејзино административно раководство, и

ѓ) при Главната дирекција на републиканската метална индустрија, за службениците на Главната дирекција и претпријатијата под нејзино административно-оперативно раководство.

Бр. 21067, 30 XII 1947 год., Скопје

Министер на индустрија и рударство,
Инж. Г. Василев, с. р.

54

Во врска со Решението на Комитетот за школи и наука при Владата на ФНРЈ под III Бр. 12 103 од 9 јануари 1948 год. донесуам следното

РЕШЕНИЕ

1. — Да се називот на досегашните трговски гимназии во Народна Република Македонија измени и гласи

„ЕКОНОМСКИ ТЕХНИКУМ"

2. — Ова Решение стапува на снага веднаш.

Бр. 1427, 7 I 1948 год., Скопје

Министер на трговијата и снабдуењето
на НР Македонија,
Д. Бојановски, с. р.

55

Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија во Скопје, надлежно по чл. 1, ст. 1 буква г) од Законот за измени и дополнуења на Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи по предметот одобруењето, оснивањето и работата на „Друштвото на правниците на Народна Република Македонија" со седиште во гр. Скопје на ден 31-I-1948 год. донесе следното

РЕШЕЊЕ

Се одобрува оснивањето и работата на „Друштвото на правниците на Народна Република Македонија" со седиште во гр. Скопје, а со право на дејност на територијата на Народна Република Македонија.

Такса по Т. Бр. 1 и 7 од Законот за такси е наплатена.

Решено во Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје IV Бр. 2515/48 год.

Министер на внатрешните работи
на НР Македонија
Цв. Узуноски, с. р.

56

Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија во Скопје, надлежно по чл. 1, ст. 1 буква г) од Законот за измени и дополнуења на Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи по предметот одобруење, оснивање и работата на „Удружението на православното народно свештенство во НР Македонија" со седиште во Скопје на ден 21-I 1948 год. донесе следното

РЕШЕЊЕ

Се одобрува оснивањето и работата на „Удружението на православното народно свештенство во НРМ" со седиште во гр. Скопје, а со право на дејност на територијата на Народна Република Македонија.

Такса по Т. Бр 1 и 7 од Законот за такси е наплатена.

Решено во Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје под IV Бр. 1139/48 година.

Министер на внатрешните работи
на НР Македонија
Цв. Узуноски, с. р.

57

Врз основа чл. 1 ст. 4 од Правилникот за дополнуење на Правилникот за извршуење Уредбата за работните книшки на Министерот на трудот на ФНРЈ, го пропишуам следното

НАПАТСТВИЕ

ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОТВРДИ ЗА ЧУВАЊЕ РАБОТНИТЕ КНИШКИ

1. Кога работодателот ја приема работната книшка на чување, му издава на работникот односно намештеникот потврда за тоа

2. Образецот на потврдата е следен:

ПОТВРДА ЗА ЧУВАЊЕ РАБОТНАТА КНИШКА

Со оваа се потврдува, во смисол на чл 1 од Правилникот за дополнуење Правилникот за извршуење Уредбата за работните книшки бр. 15504 од 21 X. 1947 година („Службен лист на ФНРЈ" бр 104/1947 г.), дека работната книшка бр. ——— на другарот ————, ———— роден ————
(презиме и име) (занимање (дата)

во ——————————————, на работа во овоа
(место, околија и нар. репуб.)
претпријатие во својство на ——————————
(струка и специјалност)
од ————— се навога на чување во овоа претпријатие.
(дата)

Печат на
претпријатието

——————————
(место и дата на издавање)

——————————
(потпис на работодат. одн. одговор. раковод.)

3. Образецот се печати или пишуе на машина, на 1/4 табак од канцелариски формат. Кога образецот е печатен, може да биде и од помал формат.

4. Образецот се попопнуе на машина за пишуење или со четлив ракопис. Под потписот на работодателот односно на одговорниот раководител треба да биде напишано со машина или со четлив ракопис неговото презиме и име.

5. Овоа Напатствие стапуе во сила од денот на објавуењето во „Службен весник на НР Македонија."

Бр. 12.644, 31. XII. 1947 год., Скопје

Министер на трудот на НРМ,
Кирил Петрушев, с. р.

ИСПРАВКА

„Во „Службен Весник на НРМ" Бр. 17 од 23 април 1947 год. објавено е Напатствието за распоредуење на градежните работници во групи и во истото се направени грешки во XI група така да тој став треба да гласи:

„Зидари оснивачи (анлегери), гравери на стакло, гравери каменоресци, зидари за специјални работи зидане на фабрички димњаци, индустриски печати, компликовани фасади зидови и сл. молери и бојаџии за цртање на узорци (мустри) во слободна рака: специјални терацери, моделари и составувачи на бојадисани мустри од градежните струки и сите специјализирани работници кои обавуат нарочно компликовани технички работи, како на пр. сите работи кои се вршат под вода".

Во Решењето за одредуење бројот на судии и судските поротници во народните судови на Народна Република Македонија (Службен весник на НРМ" бр. 35 од 17. XII 1947 год.) на страна 421 направена е следната печатна грешка:

Во чл. 3 точка 9 под б после зборот „околија" и двете точки погрешно е напечатено „Претседател".

Од Редакцијата на „Службен весник на НРМ"

Содржина:

Стр.

Уредбата за отварање нижа стручна школа за механизација на земјоделството во Св. Николе 61

Уредба за оснивање управа за откуп на земјоделски производенија при Министерството за трговија и снабдуење на НРМ и извршните одбори на околиските народни одбори — 61

Уредба за укинуење Главна дирекција на откупните претпријатија при Министерството за трговија и снабдуење на НРМ. 62

Уредба за организација на катастарската служба на територијата на НРМ. 63

Уредба за оснивање Комитет за фискултура 64

Уредбе за оснивање Уред за информации 64

Уредба за оснивање за домашни ракотворби и уметничка занаети при Министерството за комунални работи. 65

Стр.

Правилник за изменение и дополнение Правилникот за таксите во амбулантите, хемиските и бактериолошките лаборатории 66

Правилник за изменение и дополнение на Правилникот за висината на болничките трошкови — 66

Наредба за распоред на ново уведеното звање „виши научен соработник на просветно-научна струка 66

Наредба за уведуење ново звање „ветеринарен специјалист" во ветеринарска струка 67

Наредба за распоред на новоуведеното звање „ветеринар специјалист" на ветеринарната струка во врски. 67

Наредба за изменение на основната плата за званието ветеринар" и „виши ветеринар" и за одредуење основна плата за ново уведено звање „ветеринар специјалист" во ветеринарната струка. 68

Решение за преминуење на Домот за слепи во Битола безпризорни „Нов живот" во Скопје од надлежност на Министерството за просвета во надлежност на Министерството за социјални грижи. 68

Издава: Службен весник на Народна Република Македонија — новинско издавачко претпријатие, ул. Маршал Тито бр. 10
Тел. 696. Директор и одговорен уредник Љуб. Б. Исаков, ул. „4" бр. 5 — Печатница „Гоце Делчев" — Скопје.